Република Македонија
ИЗВРШИТЕЛ
Маја Гркова Караколева
именуван за подрачјето
на Основните судови
Велес, Гевгелија, Кавадарци и Неготино
ул. Маршал Тито бр. 23/1 Велес
тел. 043 612-603

Образец бр.51

И.бр.693/16

Извршителот **Маја Гркова Караколева** од **Велес** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот **ХАЛК БАНКА АД СКОПЈЕ** со ЕДБ 4030993162028 и седиште на Бул.Св.Кирил и Методиј бр.54, засновано на извршната исправа [redacted] и живеалиште на [redacted] и живеалиште на [redacted] за спроведување на извршување во вредност [redacted], на ден 29.10.2018 година го донесува следниот:

## ЗАКЛУЧОК
### ЗА ВТОРА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА

**(врз основа на член 167 став 1, член 169 став 1 и член 170 став 1 од Законот за извршување-** Сл.весник на РМ бр.35/05, 50/06, 129/06, 8/08, 83/09, 50/10, 83/10, 88/10, 171/10, 148/11 и 187/13, а согласно член 265 од Законот за извршување Сл.весник на РМ бр.72 од 12.04.2016 година и Сл.весник на РМ бр.142 од 01.08.2016 година)

СЕ ОПРЕДЕЛУВА втора продажба со усно јавно наддавање на недвижноста запишана во **имотен лист бр.30735 за КО Велес** со следните ознаки:

- КП бр.9396, дел 0, адреса Димко Најдов бр.10, бр.на зграда 1, намена на зграда А1, влез 1, кат ПРИЗ, број 1, намена на посебен дел ПП, внатрешна површина 16 м2, заедничка сопственост,
- КП бр.9396, дел 0, адреса Димко Најдов бр.10, бр.на зграда 1, намена на зграда А1, влез 1, кат ПРИЗ, број 1, намена на посебен дел СТ, внатрешна површина 64 м2, заедничка сопственост,
- КП бр.9396, дел 0, адреса Димко Најдов бр.10, бр.на зграда 1, намена на зграда А1, влез 1, кат ПРИЗ, намена на посебен дел П, внатрешна површина 10 м2, заедничка сопственост,
- 1/2 идеален дел од КП бр.9396, дел 0, адреса Димко Најдов бр.10, бр.на зграда 1, намена на зграда А1, влез 1, кат СУТ, намена на посебен дел П, внатрешна површина 16 м2, заедничка сопственост и
- 1/2 идеален дел од КП бр.9396, дел 0, адреса Димко Најдов бр.10, бр.на зграда 2, намена на зграда ПО, влез 1, кат ПРИЗ, намена на посебен дел Г, внатрешна површина 17 м2, заедничка сопственост,

во зедничка сопственост на Јордан Мечалов, Ѓорѓи Мечалов и Николинка Мечалова.

Продажбата ќе се одржи **на ден 16.11.2018 година во 11:00 часот** во просториите на извршител Маја Гркова Караколева .

Почетната вредност на недвижноста , утврдена со заклучок на извршителот од 13.09.2018година, која за ова второ усно јавно наддавање изнесува 18.939,00 евра во

денарска противвредност на денот на продажбата, под која недвижноста не може да се продаде на второто јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: хипотека во корист на доверителот.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан не го задржува правото да домува тука и е должен зградата односно станот да ги испразни во рок од 60 дена од денот на донесувањето на Заклучокот за продажба, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10(една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста, односно износ од денари.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 380477063501141 која се води кај ПроКредит Банка и даночен број МК5004011504527.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Даночните обврски по основ на продажбата паѓаат на товар на купувачот.

Најповолниот понудувач-купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а од положената гаранција ќе се намират трошоците на новата продажба и ќе се надомести разликата меѓу цената постигната на поранешната и на новата продажба.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање:дневен весник “слободен печат”.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Маја Гркова Караколева

Д.-на: ХАЛК БАНКА
НЕНА КОМЕРЦ Велес
Николинка Мечалова
Јордан Мечалов
Ѓорѓи Мечалов
Општина Велес-Одделение за даноци
УЈП-регионална дирекција Прилеп